Насловна
Македонија
Црна Хроника
Свет
Скопје
Култура
Ревија
Калеидоскоп
Живот
Фељтон
Прилог
Пошта
Хумор
Спорт
ФОТО

Време
Денес
ден: 12 ноќ: 0
Утре
ден: 18 ноќ: 2
Задутре
ден: 18 ноќ: 2
Кина

## Култура

Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА

Пребарувач
Во соработка со Најди!
Барај

ИНДИВИДУАЛЕН ПРОЕКТ "ДЛАБОКО ДИШЕЊЕ" ОД СОЊА АБАЏИЕВА

**Разубавено Скопје преку женското ликовно видување**

Абаџиева проектот го смета за важен бидејќи искажува една од женските особини - да се реагира и интервенира во еден град каде постојат многу места кои треба да се разубават.



Индивидуалниот проект "Длабоко дишење"на Соња Абаџиева, историчарка и критичарка на уметноста и кустос - советник во Музејот на современата уметност за десетина дена ќе биде претставен пред скопската публика. Во рамките на овој проект во центарот на Скопје ќе биде реализирана изложбата под наслов "Схининг тхе сите". Според Абаџиева насловот на изложбата ја содржи карактеристиката на женскиот пол - желбата за совршенство - чистење до сјај. Поимот на работа од насловот е активна компонента и не е во логичен соднос со пасивниот статус кој обично му се препишува на другиот пол.

Проектот ќе претставува еден вид уметничка интервенција врз неколку урбани пунктови во центарот на Скопје, а во својата суштина има социјална, етичка, естетска, еколошка и друга димензија. Во рамките на проектот е и здадена и книга во која е претставена уметноста на македонските уметнички.

Според Абаџиева акцентот на проектот е ставен врз женската ликовна креативност, пред с&ицирц; поради тоа што кај нив постои голем потенцијал во областа на ликовната уметност, но за жал тој не е соодветно толкуван, вреднуван и вклучен во нашето културно живеење.На изложбата ќе учествуваат 14 авторки од Македонија, кои на неколку локациии во центарот на Скопје ќе го оформуваат своите креации, а не во галерии и музеи што се вообичаени места за изложби.

Абаџиева проектот го смета за важен бидејќи искажува една од женските особини - да се реагира и интервенира во еден град каде постојат многу места на кои треба да се интервенира да се разубават. Таа верува дека авторките на изложбата кои знаат да го организираат животот, држејќи го под контрола сопствениот дом, ќе можат со свои видувања и реакции да ги укажат и ликовно да ги осветлат местата што негативно го дразнат нивниот поглед во широкото урбано опкружување.

Проектот ќе го финансираат австриската фондација за култура КултурКонтакт, швајцарската фондација ПроХелвециа и други спонзори.

(О. П.)

Дома Назад Горе

© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането

ФЕРШПЕД
HOTEL
T · · Home
ВЕБ АГОРА МАГАЗИН
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk